РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-1353/1
09.03 2026 год
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (службен весник на РМ бр. 5/02), член 23 од Статутот на општина Крива Паланка (службен гласник на општина Крива Паланка бр. 8/10, 8/14, 2/18 и 3/19), чл.51 од Законот за јавни патишта (службен весник на РМ бр. 84/08 и измените на истиот заклучно со 163/16), чл. 11 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Службен весник на РМ бр. 169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и Сл.весник на РСМ 98/19, 98/19, 302/20, 122/21, 33/24 и 208/24 ), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## РЕШЕНИЕ

**За привремено ограничување на одвивањето на сообраќајот на дел од коловозна површина на спојот меѓу ул.„Св.Јоаким Осоговски“ со кракот кој води кон влезот на зелен пазар и катна гаража, почнувајки од 09.03.2026 год., поради изведување на градежни работи за санација на атмосферска решетка.**

Образложение:

На горенаведениот дел (спој на КП 3148 и КП 4637 (кај железара Наоми) ќе се изведуваат градежни работи од страна на ЈП Комуналец-Крива Паланка за санација на значително оштетена метална решетка и странични бетонски зидови врз основа на Договор со Општина Крива Паланка.

Се молат граѓаните да имаат разбирање за настанатата ситуација и да ја почитуваат забраната и да не ја одстрануваат или поместуваат поставената сообраќајна сигнализација од страна на Изведувачот на работите за ограничување на движењето.

За горедонесеното решение ќе бидат известени Министерството за внатрешни работи, како и граѓаните преку средствата за јавно информирање.

Ограничувањето на движењето ќе трае се до завршување на градежните работи.

Доставено до:
-архива
-МВР Крива Паланка

Општина Крива Паланка
Градоначалник
Сашко Митовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001